Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 08-99/1
10-02-2022 год.
Скопје

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-376/1 од 11.11.2021 година поднесена од [redacted] од Скопје, во име на Карате клубот „[redacted] од Скопје и [redacted] од Скопје во име на Карате клуб [redacted] од Скопје против Карате федерација на Македонија, претставувана од в.д. претседателот [redacted] за извршена директна повторена и продолжена дискриминација како и индиректна дискриминација во областа на спортот по основ на лично својство и општествен статус кон спортисти-каратисти, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно чл. 27 став 1 и 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/2020) на 07.02.2022 година го донесе следново

## М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА директна повторена и продолжена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус како и по основ на возраст во областа на спортот извршена од страна на Карате федерацијата на Македонија кон група спортисти-каратисти, членови на повеќе карате клубови – членки на КФМ.

СЕ УТВРДУВА индиректна дискриминација извршена од страна на ИО на КФМ со донесување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции и Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за настап на ЕП во Прага, Чешка во категоријата кадети, јуниори и постари јуниори У21 на 29.10.2021 година, потпишани од в.д. директорот [redacted]

## О б р а з л о ж е н и е

На 11.11.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Скопје, во име на Карате клубот [redacted]“ од Скопје и [redacted] од Скопје во име на Карате клуб [redacted]“ од Скопје, против Карате федерацијата на Македонија, во која наведуваат дека ИО на КФМ на 03.10.2021 година донел Одлука, потпишана од в.д. претседателот на Федерацијата – [redacted] со која ја определиле делегацијата и натпреварувачите за настап на Балканското првенство во карате, што веќе се одржа во Пореч- Република Хрватска во периодот од 15 до 17.11.2021, при што извршиле директна и како што наведуваат: индиректна-продолжена дискриминација врз второпласираните и третопласираните каратисти од државното првенство затоа што со овој акт прекршиле неколку права на спортистите-каратисти: правото да се натпреваруваат, правото да бидат рангирани во Светската карате федерација, правото да бидат финансирани од страна на Агенцијата за млади и спорт, правото на стипендирање, правото да добијат награди и признанија и правото на остварување спортски резултати, со што ги оневозможуваат да се изборат за настап на претстојното Светско првенство.

Дополнително, тие во претставката ја наведуваат како дискриминаторска и Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за настап на ЕП во Прага, Чешка во категоријата кадети, јуниори и постари јуниори У21, кои ИО на КФМ ги донел на 29.10.2021,

потпишана од в.д. претседателот [redacted] и со која, според нив, се врши индиректна дискриминација по основ на возраст затоа што во членот 4 се предвидува настапот на постарите јуниори – У21 во борби и кати целосно да биде финансиран од страна на КФМ, јуниорите да бидат финансирани во висина од 50% од страна на Федерацијата а настапот на кадетите да се врши со самофинансирање. Дополнително, истата Одлука предвидува доколку не постои ниту еден натпреварувач со исполнети услови за стекнување со репрезентативен статус за ЕП, тогаш истиот ќе се определи според една победа во реална борба на Гран-при првенството што треба да се одржи во Самобор, Хрватска, со што се оневозможува стекнувањето на репрезентативен статус на оние каратисти што нема да настапат на истото поради недостиг на финансии, затоа што во прописот не стои дека КФМ ќе ги покрие финансиите за сите учесници на ова првенство. Подносителите на претставката сметаат дека со овој, навидум неутрален пропис се овозможува поголема група спортисти-каратисти да бидат ставени во понеповолна положба при стекнувањето на репрезентативниот статус каратисти во споредба со друга, привилегирана група поради нееднаквиот пристап до финансиска поддршка од страна на КФМ.

Исто така, подносителите на претставката посочуваат дека и Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции донесен од страна на ИО на КФМ на 29.10.2021, со што престана да важи Правилникот од 19.05.2018, како навидум неутрален пропис создава услови за вршење дискриминаторски активности кон определена група каратисти при изборот на репрезентативци, затоа што истиот не содржи мериторен систем на критериуми за избор на најдобрите каратисти во сите државни репрезентации во карате-спортот, односно создава услови одредена група каратисти да се стават во понеповолна положба во споредба со друга, привилегирана група врз дискриминаторски основи, што според ЗСЗД претставува индиректна дискриминација.

Врз основа на член 24 став 7 и член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 17.11.2021 година испрати Барање за произнесување по наводите содржани во претставката до Карате федерацијата на РСМ , под бр.0801-276/2. На 07.12.2021, во архивата на КСЗД пристигна одговорот од страна на КФМ, архивиран под бр.0801-376/3. Во истиот, КФМ наведува дека наводите дека извршиле каква било дискриминација со донесувањето на Одлуките од 03.10.2021 и 29.10.2021 се целосно неосновани. Тие посочуваат дека располагаат со сосема ограничени финансиски средства кои ги добиваат главно од Агенцијата за млади и спорт и појаснуваат дека: условот за финансиска поддршка на АМС се постигнувањето на врвни а не било какви резултати на светски и европски првенства и тоа само за сениори и постари јуниори.

Во врска со спорната Одлука од 03.10.2021 за учество на првопласираните натпреварувачи на Балканското првенство во Пореч, тие укажуваат дека на 21.11.2019 година, ИО на КФМ донел Одлука за истапување од членство од Балканската карате федерација, за што како доказ приложува комуникација преку е-пошта од 09.12.2019, во која ја известуваат Балканската карате федерација дека го суспендираат своето членство од истата. Во продолжение, тие истакнуваат дека на 29.09.2021, сепак добиле покана за учество на Балканското првенство во Пореч, Хрватска и по предлог на селекторот-тренер на сениорите било предложено да се прифати поканата заради можност да се изврши соодветна и мериторна проверка на подготвеноста на натпреварувачите во пресрет на Светското карате првенство во Дубаи, по што ИО на КФМ ја донеле Одлуката за учество

на Балканското првенство само на првопласираните натпреварувачи, што според нив, не претставува дискриминација тоа што не ги пратиле и второ и третопласираните.

Тие не ја сметаат за дискриминаторска ниту Одлуката на ИО од 29.10.2021 за учество на ЕП во Прага, Чешка каде за стекнување на статус-репрезентативец натпреварувачот треба да има освоено од 1-7 место на последното ЕП, а доколку нема таков, тогаш условот е натпреварувачот да има една победа во реална борба на Гран-при натпреварот во Самобор, Хрватска. Тие потенцираат дека: со оглед што Агенцијата ги насочува средствата за добивање на врвни спортски резултати, ИО на КФМ исто така средствата ги насочува кон оние кандидати кои можат да донесат најдобри резултати.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, земајќи ги предвид аргументациите од двете страни, смета дека пред сѐ, треба да го посочи фактот дека ова е втора претставка за заштита од дискриминација поднесена од истите поднесувачи против КФМ и в.д. претседателот [redacted], како потписник на сите документи. Во првиот случај, во претставката под бр. 0801-282 на 27.09.2021 година донесе Мислење во кое утврди дека КФМ извршила директна продолжена дискриминација по основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот кон група спортисти-каратисти и донесе Препорака за укинување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија, донесен од Извршниот одбор на КФМ на 15.06.2019, во рок од 30 дена.

Согласно доставената документација, КСЗД заклучува дека ИО на КФМ на својата седница одржана на 03.10.2021, едногласно го повлекла Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија од 03.10.2021 година. КСЗД смета дека се работи за техничка грешка во Записникот од седницата на ИО на КФМ, бидејќи повлечените измени и дополнувања на Правилникот беа донесени со датум 15.06.2019 година беа препорачани од КСЗД како начин на отстранување на утврдената дискриминација кон поголема група спортисти каратисти.

Со повлекувањето на овие измени, ИО на КФМ мораше да земе предвид дека во сила се врати Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија од 19.05.2018 година, кој во себе содржи сосема меритории критериуми за начин на избор, финансирање и наградување на најдобрите натпреварувачи и стекнување со репрезентативен статус.

Оттука, Одлуката за избор на делегацијата и натпреварувачите на Балканското првенство во Пореч, Хрватска – 15-17.11.2021 е во спротивност со членовите 8 и 9 од важечкиот Правилник од 19.05.2018, бидејќи не се посочени критериумите и начинот на избор на натпреварувачите, како и бодирањето на истите. Токму ваквата практика на ИО и тогаш активниот претседател [redacted], КСЗД ги посочи како извор на директна дискриминација по основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот кон поголема група каратисти па затоа ваквото однесување за Комисијата значи повторена и продолжена дискриминација, што според чл.13 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20), се дефинирани како потешки облици на дискриминација.

Дополнително, КСЗД воочи уште една нелогичност во аргументацијата на КФМ, во смисла на иступувањето од членство во Балканската федерација, како Одлука на ИО на КФМ бр. 02-200/1 од 21.11.2019 година. Имено, согласно Статутот на КФМ донесен од страна на Собранието на КФМ на седниците одржани на 21.02.2009 и 20.11.2010 година, според член 8, Федерацијата се здружува и е член на МОК како и на меѓународните институции и асоцијации во областа на карате спортот (Балканската карате федерација, Европската карате федерација и Светската карате федерација). Во членот 11 се дефинирани основните цели и задачи на Федерацијата, меѓу кои се следните: федерацијата води грижа за квалитетот на своите членови и нивното перманентно учество на сите карате натпревари и манифестации, презема активности за остварување на членство и меѓународна соработка со соодветни институции и асоцијации во областа на карате спортот и развива соработка со Агенцијата за млади и спорт, МОК, Балканската, Европската и Светската карате федерација. Во Статутот, во членот 26, како највисок орган на федерацијата се смета Собранието кое го сочинуваат претседателите на сите клубови-членови на КФМ, а во членот 32 се дефинирани и надлежностите на овој орган. Во ставот 2 алинеја 15 од овој член, прецизно е дефинирано дека Собранието е единствено надлежно за здружување на КФМ во сојузи и други асоцијации во земјата и странство од областа на карате спортот. Со оглед на ова, Одлуката на ИО на КФМ од 21.11.2019 и електронскиот допис за иступување од членство од Балканската федерација, испратен до БКФ и земјите-членки значи дека ИО нелегитимно ги узурпирал надлежностите на Собранието како највисок орган, па истата не може да произведува легитимни правни дејствија, бидејќи е спротивна на одредбите содржани во Статутот на КФМ. КСЗД смета и дека тогашниот претседател на КФМ, [redacted] ги потпишал овие документи иако во чл. 39 од Статутот, како претседател бил одговорен за законското работење на Федерацијата, со што постапил спротивно на статутарните одредби, особено од аспект дека токму во членовите 8 и 9 од Правилникот од 19.05.2018, еден од критериумите за стекнување на статус на репрезентативец за Европско и Светско првенство е резултатот постигнат на Балканско првенство. Со иступувањето од БКФ, КФМ подолг период – од 29.11.2019 до 29.09.2021 - им оневозможил на каратистите-претенденти за стекнување на репрезентативен статус учество на едно од значајните критериумски првенства, кое се бодува во согласност со Правилникот.

Следствено на ова, за Комисијата е нејасен и начинот на кој КФМ се враќа во членство во Балканската федерација, односно ја суспендира својата претходна суспензија за членување во БКФ, без наведена Одлука на Собранието како што предвидува Статутот на КФМ, туку само на предлог на селекторот прифаќа да настапи на Балканското првенство во Пореч, Хрватска од 15-17.11.2021 и на 03.10.2021 година ИО на КФМ носи Одлука со која определува делегација и ги испраќа и ги финансира само првопласираните натпреварувачи по категории, што е во спротивност на членот 8 од Правилникот за избор од 19.05.2018, што бил вратен во сила.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека со оваа Одлука, ИО на КФМ извршила дискриминација кон второ и третопласираните натпреварувачи на државното првенство, бидејќи со неучествување на првенството заради неможност финансиски да ги покријат трошоците на сопствена сметка, тие ја изгубиле можноста за стекнување на право за репрезентативен настап на претстојното Светско првенство во Дубаи, бидејќи услов за тоа е постигнат резултат на Балканското првенство, а не на државното. Со неучествување на Светско првенство, тие каратисти ја губат можноста за добивање бодови од Светско првенство и да бидат рангирани на светската ранг-листа со што ја губат можноста и за добивање стипендија и вредносен ваучер од АМС и правото да добијат награди и признанија. Според член 8 став 1 од ЗСЗД ова

претставува директна дискриминација бидејќи кон овие спортисти-каратисти КФМ постапила понеповолно во однос на првопласираните од државното првенство, врз основ на лично својство и општествен статус во областа на спортот.

При разгледувањето на Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за ЕП за кадети, јуниори и постари јуниори У21 (04-06.2022) во Прага, Чешка, Комисијата утврди дека во последниот став од членот 2 се посочува дека доколку не постои натпреварувач кој има освоено од прво до седмо место на последното Европско првенство, тогаш како претставник/претставничка ќе се избере оној/онаа што ќе оствари една победа во реална борба на Гран-при првенството што ќе се одржи во Самобор, Хрватска во јануари 2022, со што, де факто ИО на КФМ го условува учеството на ЕП во Чешка со барем една победа на турнирот во Самобор. Бидејќи во оваа Одлука не се посочува начинот на финансирање на учесниците, сосема е извесно дека на каратистите што не ќе можат да обезбедат сопствени средства за учество на тој турнир, по автоматизам им се одзема можноста да за здобијат со статус на репрезентативци и да учествуваат на ЕП, со што им се одзема правото на спортистите да се натпреваруваат, да бидат соодветно рангирани во Светската карате федерација, да бидат финансирани од АМС, да добијат право на стипендии, награди и признанија, како и правото да постигнуваат спортски резултати. Според Комисијата, ова создава услови за нееднаков третман на одредена група каратисти и повреда на нивните права на еднаквост, што според ЗСЗД значи дискриминација.

Во членот 4 од оваа Одлука, дефиниран е начинот на финансирање на репрезентативците на ЕП во Прага: постарите јуниори -У21 ќе бидат 100 % финансирани од КФМ, јуниорите во борби и кати – 50% а кадетите кои ќе остварат пласман во борби и кати ќе се самофинансираат преку нивните клубови. Ова за КСЗД е класичен пример за директна дискриминација на каратистите по основ на возраст во областа на спортот и смета дека аргументите на КФМ дека финансиската поддршка од Агенцијата за млади и спорт е наменета само за сениори и постари јуниори се неприфатливи и неточни затоа што Правилникот за постапка и критериуми за распоредување на средства за остварување на јавниот интерес во спортот, донесен на 05.01.2021 од страна на директорот на АМС, во членовите 3 став 1,3 и 4 и членовите 24 и 25, никаде не се посочува дека финансирањето е наменето само за сениори и постари јуниори.

Извршниот одбор на КФМ на својата седница одржана на 29.10.2021 година донела и нов Правилник за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија со што престанал да важи и да се применува Правилникот од 19.05.2018. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека новиот Правилник во споредба со претходниот, воопшто не содржи мериторен систем и критериуми за стекнување на статус репрезентативец во сите возрасни категории за учество на Светско, Европско, Балканско првенство и Медитерански игри (членови 8 и 9), туку се посочува дека репрезентативниот статус ќе се определува со одлука на ИО на КФМ, кој ќе ги дефинира критериумите и условите според кои ќе се врши изборот, критериумските натпревари и бодирањето според постигнатите резултати. Во овој акт недостига членот од претходниот Правилник во кој децидно беше наведено дека: сите натпреварувачи кои се кандидати во одредена категорија стартуваат под исти услови, без пренесување на бодови од претходна година, што според Комисијата, беше одредба што гарантираше заштита на кандидатите-каратисти од евентуална дискриминација. Вака конципираниот систем на избор на репрезентативци во карате-спортот, без било каков мериторен критериум, остава широк простор за дискреционо право на ИО и претседателот на Федерацијата

за вршење на дискриминаторски активности при составувањето на репрезентативните состави, што експлицитно е наведено во членот 10: ...тренерот-селектор на државната репрезентација има дискреционо право слободно да го состави тимот, под многу широко поставени услови што би можело да доведе до нееднаков третман на група спортисти во однос на друга, попривилегирана група во смисла на ограничување на спортските права на спортистите-каратисти, споменати претходно. Затоа Комисијата смета дека е добро во Правилникот да постојат прецизно дефинирани услови и критериуми кои ќе важат за сите еднакво, со цел да се изберат најдобрите и најквалитетните каратисти во државните репрезентации наместо можност ИО да носи произволни и дискриминаторски одлуки.

На 03.01.2022 година, во архивата на КСЗД стигна допис од КФМ, заведен под бр.08-14/1, во кој нè известија дека поради пандемијата од КОВИД-19, Европската карате федерација го одложува Европското првенство, па затоа ИО на КФМ на 30.12.2021 ги ставаат вон сила Одлуката за определување на критериуми и услови за избор на натпреварувачи за настап на ЕП во Прага, Чешка бр.02-113/1 од 09.12.2021 и Извештајот на Натпреварувачката комисија од 09.12.2021 г. Од ова, Комисијата констатира дека индиректната дискриминација што ја произведе гореспоменатата Одлука траела од 29.10.2021 до 30.12.2021.

Според горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27 став 1 и 2 од Законот ја донесе следнава

П Р Е П О Р А К А

Се препорачува Собранието како највисок орган на КФМ да закаже итна седница во рок не подолг од 30 дена на која ќе се разгледаат двете Мислења и Препораки на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и да ги задолжи Дисциплинската комисија на Федерацијата и Одборот за контрола, согласно своите статутарни надлежности да извршат контрола на работењето и документацијата на Извршниот одбор и в.д. претседателот [redacted] и за наодите писмено да ја известат Комисијата во рок не подолг од 45 дена.

Се препорачува Карате федерацијата на Македонија да предложи Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за избор, финансирање и наградување на државните репрезентативни селекции на Република Македонија што беше донесен од ИО на КФМ на 29.10.2021 година во кој ќе вгради мериторен систем на критериуми за избор на членови на државните репрезентации и заштитни антидискриминациски одредби и пред усвојувањето, согласно чл. 21 точка 10 од ЗСЗД, да го достави на мислење до Комисијата најдоцна во рок од 30 дена.

Се препорачува ИО на Карате федерацијата на Македонија во иднина да внимава при донесувањето на Одлуките за определување на делегации и натпреварувачи на идните првенства и натпреварувања во карате во смисла на почитување на одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, бидејќи КСЗД по втор пат ја нотира дискриминаторската практика при ваквите активности.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ќе испрати службен допис до Агенцијата за млади и спорт, која согласно своите законски надлежности има

можност да го задолжи Одделението за инспекциски надзор во спортот при Агенцијата да изврши вонреден инспекциски надзор врз севкупното работење на КФМ.

Согласно член 27 став 4, доколку лицето кон кое е упатена препораката не постапи по истата, Комисијата ќе поднесе барање за покренување прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје, 10.02.2022 Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до :

1. Карате клуб „[redacted]“, за [redacted] ул. [redacted] Скопје
2. Карате клуб [redacted]“ за [redacted], ул. [redacted] Скопје
3. Карате федерација на Македонија, Градски парк б.б. (сала Работнички) Скопје
4. Агенција за млади и спорт, ул. Македонија бр.38 Скопје